08-461/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

19 -04- 2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22, член 23 став 1, а во врска со член 82 и 109 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на второто продолжение на 47-та седница одржано на ден 13.04.2021 година ја донесе следнава:

**Одлука**

Постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по предмет број 08-3875/1 од 11.11.2020 година **СЕ ЗАПИРА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување поради што предметот број 08-3875/1 од 11.11.2020 година се затвора и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-3875/1 од 11.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на извршен увид дали министрите и заменици министри при Владата на Република Северна Македонија избрана во август 2020 година имаат поднесено Анкетни листови за имотна состојба и изјави за интереси во рок од 30 дена од нивното именување, односно разрешување согласно член 82 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

ДКСК од увидот во својата евиденција констатира дека лицето Никола Димитров, во законски утврдениот рок по престанок на функцијата министер за надворешни работи не поднел анкетен лист со што постапил спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог со

утврден износ на глоба кој износ од  страна на именуваното лице е платен и до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: Катица Николовска

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**